Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Одделение за управување со човечки ресурси

Бр. 04-1638/1

16.10 2019 год.

Скопје

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 11/18 ), и конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, директорот на Државен санитарен и здравствен инспекторат донесе

# О Д Л У К А

## по интерен оглас 01/2019 за унапредување на административен службеник до Државниот санитарен и здравствен инспекторат

1.Кандидатот **Хамдуш Муртези** по пат на интерниот оглас број 01/2019 се избира за работното место **Советник за стручно советодавни работи за социјални и детски установи, Одделение за јавно здравје и правата на пациентите, со шифра на работно место УПР0101В01000 -1(еден) извршител**, во Државен санитарен и здравствен инспекторат.

2.Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 01/2019 со архивски број 04-1529/21 од 15.10.2019 година.

3.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука.

4.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По објавениот на интерниот оглас број 01/2019 од 27.09.2019 година на веб страницата на институцијата и на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на директорот на Државен санитарен и здравствен инспекторат со Решение број 04-1529/16 од 08.10.2019 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административните службеници


Државен санитарен и здравствен инспекторат

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3121146
www.dszi.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Одделение за управување со човечки ресурси

записник број 04-1529/19 од 14.10.2019 година, и спроведување на интервју за административните службеници записник број 04-1529/20 од 14.10.2019 година.

Согласно член 51 од Законот за административни службеници и врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за унапредување и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерниот оглас број 01/2019, директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение за унапредување.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата институцијата.

Со почит,

ДИРЕКТОР,
Д-р Ирина Сотирова-Бухова

Подготвил,
Раметула Сефа

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива


Државен санитарен и здравствен инспекторат
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3121146
www.dszi.gov.mk